# Barclay Propizole

Barclay CROP PROTECTION

**Фунгицид за заштита од одредени болести на пченица и јачмен**

**Опасно** (базиранона H304)
**H302  Штетно ако се проголта**
**H304  Може да биде фатално ако се проголта и навлезе во дишните органи**
**H315  Ја надразнува кожата**
**H317  Може да предизвика алергиска реакција на кожата**
**H336  Може да предизвика  мамурлук  и вртоглавица**
**H411  Отровно за водена средина со долготрајни ефекти**
P261  Да се избегнува вдишување на спрејот
P280  Да се користат заштитни ракавици/заштитна облека/заштита за очи/заштита за лице
P301+P310+P331 АКО СЕ ПРОГОЛТА: Веднаш повикајте ЦЕНТАР ЗА ТРУЕЊА или доктор/лекар, НЕ предизвикувајте повраќање
P304+P340  АКО СЕ ВДИШЕ: преместете го лицето на свеж воздух и поставете го во позиција која го олеснува дишењето
P332+P313  Ако се појави иритација на кожата: Побарајте медицински совет/помош
P333+P313  Во случај на појава на надразнување или осип на кожата: да се потражи совет/помош од лекар
P501  За да се избегне ризикот по здравје на луѓето и околината, треба да се придржувате кон упатствата за употреба





**Содржи**: 250 g/L Пропиконазол ; CAS бр.: 60207-90-1; Концентрат за емулзија (EC); може да предизвика алергиска реакција

**Дозволатабр.:17-1286на ден:25.12.2014 г. ја издаде МЗШВ - ФУ на Р.Македонија**

**ЗА УПОТРЕБА САМО КАКО ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФУНГИЦИД.**

Пред употреба задолжително прочитајте го приложеното упатство за употреба.

Шаржа и датум на производство: отпечатено на амбалажата;  рок на важност 2 години:

**Производител: Barclay Chemicals Manufacturing Ltd.,**
Damastown Way, Damastown Industrial Park, Mulhuddart, Dublin 15, Ireland.
**Носител на регистрацијата:** Barclay Chemicals (R&D) Ltd.

Copyright © Barclay Chemicals (R&D) Limited, 2015.

Barclay Crop Protection

**БЕЗБЕДНОСНИ МЕРКИ**

**Заштита на операторот:**
Инженерска контрола на изложеноста на операторот мора да се користи каде што е разумно можно во прилог на следнаа лична заштитна опрема. НОСЕТЕ СООДВЕТНА ЗАШТИТНА ОБЛЕКА (КОМБИНЕЗОН), СООДВЕТНИ ЗАШТИТНИ РАКАВИЦИ И ЗАШТИТА ЗА ЛИЦЕ (ШТИТНИК) кога ракувате со концентратот. ИЗМИЈТЕ ГИ КАПКИТЕ од кожата и очите веднаш. КОГА ГО КОРИСТИТЕ НЕ ЈАДЕТЕ, НЕ ПИЈТЕ И НЕ ПУШЕТЕ. НЕ ГО ВДИШУВАЈТЕ СПРЕЈОТ. ИСПЕРЕТЕ ЈА ЦЕЛАТА ЗЕШТИТНА ОБЛЕКА темелно по употреба, особено внатре во ракавиците. ИЗМИЈТЕ ГИ РАЦЕТЕ И ИЗЛОЖЕНАТА КОЖА пред јадење, пиење или пушење и по работа. Доколку се проголта, не повраќајте намерно: веднаш побарајте лекарска омош и покажете му ја етикетата. Заштита на животната средина: Не ја контаминирајте водата со производот или неговиот сад. Не ја чистете опремата за нанесување во близина на површински води. Избегнувајте контаминација преку одводи од дворови на фарми и патишта.

**Чување и отстранување:**
ДА СЕ ЧУВА ВОН ДОФАТ НА ДЕЦА. ДА СЕ ЧУВА ДАЛЕКУ ОД ХРАНА, ПИЈАЛОЦИ И ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ. ДА СЕ ЧУВА ВО ОРИГИНАЛНИОТ САД, убаво затворено, на безбедно место.ДА НЕ СЕ КОРИСТИ ПОВТОРНО САДОТ за други потреби.Овој материјал и садот мора да се отстранат на безбеден начин.ДОБРО ДА СЕ ИЗМИЕ САДОТ, да се соберат остатоците од содржината во садот и да се отстранат безбедно.

## ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ

ЗА УПОТРЕБА САМО КАКО ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФУНГИЦИД

## УПОТРЕБА:

| Култура | Максимална индивидуална доза на производ | Максимален број на третмани | Последно време на примена (каренца) |
|---|---|---|---|
| Пченица, јачмен, овес и зимски рж | 0,5 L/ha | Два по култура | 35 дена пред жетва |
| Шекерна репа | 0,5 L/ha | Два по култура | 28 дена пред жетва |
| Тревни површини | 0,5 L/ha | Еден по култура | 28 дена пред жетва |
| Тревни површини (семенски посеви) | 0,5 L/ha | Два по култура | 35 дена пред жетва |
| Други посебни ограничувања | | | |
| Потребен е минимален интервал од 21 ден помеѓу секоја примена кај шекерната репа. | | | |

За најдобри резултати, применете го Barclay Propizole пред да да дојде до појава на одредена болест. Контролата станува многу потешка штом се појави болест и потенцијалниот резултат може да биде намален.

Barclay Crop Protection

**КОНТРОЛА НА БОЛЕСТИ И СПЕЦИФИЧНИ ИНФОРМАЦИИ ПО КУЛТУРИ**
**Доза на апликација**
0.5 l/ha Barclay Propizole® за секоја апликација

| ЗИМСКА ИЛИ ПРОЛЕТНА ПЧЕНИЦА | |
|---|---|
| **Болест** | **Тајминг** |
| Лисна точкаста дамкавост *(Septoria spp.)* | **Рана појава на болеста/високо ризични ситуации:** третирајте ако е потребно кога болеста е активна и пред да достигне до втор лист или заставичар. Третирајте после заставичар како што следи.<br>**Помеѓу видлив заставичар се до појава на видливи осатки:** третирајте од видлив заставичар се до заклучно со видливи осатки (влатање). Ако болеста е присутна на долните листови и има поволни услови за нејзино ширење, третирајте што побрзо после појава на заставичар. Следните апликации, ако треба, направете ги после појава на осатките, но не подоцна од водена зрелост на зрната.<br>Barclay Propizole ќе даде редукција на болеста наместо контрола. |
| Кафена рѓа *(Puccinia recondita)* | Третирајте веднаш штом болеста се види на горните листови. Во услови на висок ризик, третирајте кога заставичарот е појавен и повторете после појава на осатките, но пред постигнување на водена зрелост на зрната. |
| Жолта рѓа *(Puccinia striiformis)* | Третирајте ги посевите кои се под ризик при прва појава на болеста. Другите третмани може да бидат се до крајот на цветањето ако има потреба. |
| Црна мувла *(Cladosporium spp.)* | Оваа болест обично е индиректно редуцирана ако е аплицирано за други болести после појава на осатките. |

| ЗИМСКИ ЈАЧМЕН | |
|---|---|
| **Болест** | **Тајминг** |
| Кафена рѓа *(Puccinia hordei)* | Третирајте ги посевите кои се под ризик и ако болеста е присутна на врвните три листови во периодот помеѓу појава на заставичар и водена зрелост на зрната. Редовно контролирајте го посевот во периоди на топло време, повторени апликации може да се потребни ако притисокот од болеста е висок. |
| Жолта рѓа *(Puccinia striiformis)* | Третирајте ги посевите кои се под ризик веднаш штом во пролет се појави болеста или во било кое време се до заклучно со појава на осатките. Имајте за цел да ги зачувате здрави заставичарот, вториот лист и осатките. Можеби ќе требаат две апликации, ако првата се направи рано. |
| Црна мувла *(Cladosporium spp.)* | Оваа болест обично е индиректно редуцирана ако е аплицирано за други болести после појава на осатките. |

Barclay Crop Protection

| ПРОЛЕТЕН ЈАЧМЕН | |
|---|---|
| **Болест** | **Тајминг** |
| Кафена рѓа *(Puccinia hordei)* | Третирајте ги осетливите видови на прва појава на болеста се до водена зрелост на зрната. Кај помалку осетливите видови, третирајте се до водена зрелост на зрната, ако се појави болеста на врвните три листови. |
| Жолта рѓа *(Puccinia striiformis)* | Третирајте ги осетливите видови ако болеста е присутна во посевот. Ако болеста почне да се шири и на помалку осетливите видови, третирајте се до водена зрелост на зрната. |
| Црна мувла *(Cladosporium spp.)* | Оваа болест обично е индиректно редуцирана ако е аплицирано за други болести после појава на осатките. |

| ЗИМСКИ ИЛИ ПРОЛЕТЕН ОВЕС | |
|---|---|
| **Болест** | **Тајминг** |
| Пепелница *(Erysiphe graminis)* | **Пред појава на заставичар:** Третирајте веднаш штом болеста е присутна на долните листови. **Помеѓу видлив заставичар и комплетна појава на осатки:** Третирајте кога болеста е присутна на зелените листови. Повторете по потреба. |
| Жолта рѓа *(Puccinia striiformis)* | Третирајте ги осетливите видови ако болеста е присутна во посевот. Ако болеста почне да се шири и на помалку осетливите видови, третирајте се до водена зрелост на зрната. |
| Кафена рѓа *(Puccinia hordei)* | Третирајте ги посевите кои се под ризик и ако болеста е присутна на врвните три листови во периодот помеѓу појава на заставичар и водена зрелост на зрната. Редовно контролирајте го посевот во периоди на топло време, повторени апликации може да се потребни ако притисокот од болеста е висок. |
| Црна мувла *(Cladosporium spp.)* | Оваа болест обично е индиректно редуцирана ако е аплицирано за други болести после појава на осатките. |

| ЗИМСКИ РЖ | |
|---|---|
| **Болест** | **Тајминг** |
| Пепелница и кафена рѓа | Третирајте во пролет или лето до комплетно видлив заставичар, веднаш шстом се појават болестите. Повторете по потреба. |
| Жолта рѓа *(Puccinia striiformis)* | Третирајте ги осетливите видови ако болеста е присутна во посевот. Ако болеста почне да се шири и на помалку осетливите видови, третирајте се до водена зрелост на зрната. |
| Црна мувла *(Cladosporium spp.)* | Оваа болест обично е индиректно редуцирана ако е аплицирано за други болести после појава на осатките. |

| ШЕКЕРНА РЕПА | |
|---|---|
| **Болест** | **Тајминг** |
| Лисна дамкавост *(Ramularia beticola)* | Третирајте во Јули и Август веднаш штом болеста се појави. Повторете по 3 недели доколку има потреба. |

Barclay Crop Protection

| Тревни површини – постојани и ротациски треви за силажа/ротациски за семе | |
|---|---|
| **Болест** | **Тајминг** |
| Пепелница и *Rhynchosporium* | Третирајте во пролет кога се појавуваат болестите. Ако тревата се коси за силажа, осигурете најмалку 28 дена од апликација до косење (каренца). |

Употребете ја потребната количина од средството растворено воволумен на вода од 100-200 L/ha, со стандардни прскалки за наведените култури. Спречете занесување на спрејот на соседните површини. Не апилцирајте кога лисната маса на културата е мокра или кога многу наскоро се очекува дожд.

Промешајте ја амбалажата пред да ја отворите. Наполнете ја прскалката до половина од потребното количество со чиста вода и вклучете го мешањето, потоа додадете го измереното количество на производот и дополнете со вода до потребната количина. Започнете со третирањето веднаш штом го направите растворот. Мешањето да остане вклучено до крајот на третирањето.

Ограничувања
Barclay Propizole е фунгицид од групата на триазол и содржи ДМИ фунгицид. Доколку е можно, заменете го Barclay Propizole со фунгицид кој не е од групата на триазол т.е со фунгицид кои има различен механизам на дејство, или користете мешавини кои ќе помогнат во справувањето со појава на отпорност (резистентност). Почестото користење на Barclay Propizole од препорачаното, дава тенденција да се развијат отпорни соеви патогени, и затоа треба да се избегнува.

ВНИМАНИЕ: Да се користи исклучиво за употребата и под условите наведени во оваа етикета. Почитувањето на сите упатства содржани во оваа етикета е суштински услов за обезбедување на ефикасно третирање и за избегнување на штети кај растенијата, кај луѓето и кај животните. По секоја апликација со овој производ, темелно исперете ја опремата за апликација и заштитната опрема.

Barclay Crop Protection

Barclay Crop Protection